**Декларација на учесниците на Конференцијата на ОБСЕ за Југоисточна Европа за застрелувањето на новинарката Оливера Лакиќ**

Ние, учесниците на Конференцијата на ОБСЕ за Југоисточна Европа, која се одржува во Струга на 10 и 11 мај 2018 г., силно го осудуваме пукањето во Оливера Лакиќ, истражувачка новинарка на весникот „Вјести" во Црна Гора, вечерта на 8 мај 2018 г. Испраќаме силна порака на поддршка и солидарност до Оливера Лакиќ, вработените во „Вјести" и сите новинари и медиумски работници кои се соочуваат со напади, закани, и заплашувања во Црна Гора и во регионот на Југоисточна Европа.

Да се потсетиме дека ова не е изолиран инцидент. Г-ѓа Лакиќ добиваше ужасни закани во 2011 г., беше претепана пред 6 години и имаше дваесет и пет напади и закани против новинари на „Вјести", медиумски работници и имот уште од 2007 г.

Подвлекуваме дека многу новинари и медиумски работници ширум регионот на Југоисточна Европа редовно се соочуваат со напади, физички и онлајн закани и заплашувања. Сепак, многу често постои неказнивост и многу од сторителите на кривичните дела против новинарите и медиумските работници во регионот никогаш не беа изведени пред лицето на првдата;

Забележуваме дека кривична истрага за пукањето во г-ѓа Лакиќ е отворена од државните власти и дека политичките лидери – имено претседателот, премиерот и претседателот на парламентот – јавно го осудија нападот. Ги повикуваме државните власти на Црна Гора да осигураат дека истрагата за застрелувањето на г-ѓа Лакиќ ќе биде независна, ефективна и брза и дека сторителите на нападот, вклучувајќи ги и огранизаторите, ќе бидат изведени пред лицето на правдата;

Политичарите и финкционерите не треба да создаваат непријателска атмосфера за медиумите преку своите изјави и постапки. Тие мора да демонстрираат повисок степен на толеранција за критичкото новинаство и да ја поддржат плуралноста на гласовите и мислењата во општеството.

Сите државни и недржавни субјекти треба да препознаат дека секој напад на новинар не само што ги повредува правата на конкретниот новинар, туку и го нарушува правото на јавноста да „биде информирана", владеењето на правото и самата демократија.

10 мај 2018